# Концерт на "Суперхикс" во Гевгелија

Ска-панк дружината "Суперхикс" вечерва ќе настапи на градскиот плоштад во Гевгелија, како дел од свеченото отворање на манифестацијата "Гевгелија - Град на културата 2011". Концертот ќе почне на полноќ и ќе трае до раните утрински часови, а вечерта е насловена Гевгелиска "Бела ноќ". Бендот продолжува со гостувања во Чешка и во Словенија.

Во меѓувреме, "Суперхикс" е веќе во студио и го подготвува новиот сингл "На лута рана", кој наскоро го очекуваме со студиска снимка, а најавен е и спот со инсерти снимени на неодамнешниот концерт во Скопје, одржан по повод 17 години од оформувањето на бендот.

***(В.М.)***

# Актерите од МНТ се вклучија во акцијата " Веце со пет ѕвезди"

Актерите и режисери од МНТ: Дејан Лилиќ, Александар Микиќ, Славиша Каевски, Сашко Коцев, Срѓан Јаниќиевиќ, Славиша Каевски, Борче Начев и Васил Шишков, заедно со евровизискиот претставник Влатко Илиевски, вчера за време на паузата меѓу две проби, направија фотосесија со "чучавец". Со тоа се вклучија во акцијата "Веце со пет ѕвезди" за повисоки стандарди, почисти и посовремени тоалети во училиштата , болниците и јавните установи.

- Ќе се доделуваат и награди за најчисти и најдобро уредени вециња во градинките, училиштата и болниците.



Поради силната поддршка, акцијата ќе се прошири и во балканските земји - ни изјави Ранко Петровиќ од радиото "Бубамара", иницијатор на оваа акција.

***(В.М.)***

НОВ ПРОЕКТ НА ТВ-АЛФА

# "Зајди, зајди" избира таленти



*Зуица Лазова, водителката на емисијата "Зајди, зајди", ќе биде дел од членовите на жирито*

Телевизијата "Алфа" започна со ТВ-проектот "Зајди, зајди талент", преку кој ќе се избираат нови таленти во областа на изворната и народна музика.

Во тек е пријавувањето за аудициите, кои ќе се одржат во петнаесет града низ Македонија. Талентираните пејачи и инструменталисти треба да се пријават со СМС-порака на бројот 14 12 14, со содржина: талент (празно место), име (празно место), презиме (празно место), град.

Членови на жирито, кое ќе одлучува кој ќе ги помине аудициите, се заштитните лица на емисијата "Зајди, зајди": Зуица Лазова, Милан Завков и Благој Маротов, а водителка ќе биде Анкица Стојановска.

По аудициите во градовите, следува следниот круг, кој ќе се снима во големото студио на телевизијата "Алфа", а финалната вечер ќе се одржи во Универзалната сала. За учесниците во финалето следуваат награди. Победникот на "Зајди, зајди талент" ќе добие можност да сними цеде со изворна музика и ТВ-концерт.

"Идејата постоеше уште одамна, но сметавме дека сега е вистинското време да ја реализираме. Емисијата ´Зајди, зајди´, која е најгледаната продукција за изворна музика кај нас, по три години прерасна во вистински бренд, и така се роди замислата која е вистински предизвик за нас, а веруваме и за сите оние што ја сакаат изворната музика", велат од "Алфа".

***(М.Ц.)***